РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI PREGULLATOR PËR ENERGJETIKË DHE SHËRBIME TË UJIT I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 12-205/2
20.2.2023 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 24 став (1) точка 2) алинеја 15 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 236/22) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 20 февруари 2023 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за одобрување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје за 2022 година

1. Со ова решение се одобрува Годишниот извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје за 2022 година доставен од службеникот за усогласеност.
2. Годишниот извештај од точка 1 на ова решение службеникот за усогласеност да го објави на веб страницата на АД МЕПСО Скопје.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 74 став (8) точка 15) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 236/22), службеникот за усогласеност на операторот на електропреносниот систем, Оператор на електропреносен систем, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (во понатамошниот текст: АД МЕПСО Скопје), на 30 јануари 2023 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави на одобрување Годишен извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје за 2021 година (во понатамошниот текст: Годишен извештај) бр. 12-205/1 од 30 јануари 2023 година.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на 20 февруари 2023 година одржа седница на која го донесе Решението за одобрување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје за 2022 година.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр.12-205/2**
**20 февруари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**Регулаторна комисија за енергетика**
**и водни услуги на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**

Прилог:

- Годишен извештај на службеникот на усогласеност на АД МЕПСО Скопје за 2022 година бр. 12-205/1 од 30 јануари 2023 година